ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

# ЗА 2019 ГОДИНА НА

# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ “ПЛАВАЈА“ РАДОВИШ

01 2020 07 04

Скопје, април 2021

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 16 |
| Финансиски извештаи за 2019 и 2018 година: | |
| Биланс на успех | 17 |
| Биланс на состојба | 18 |
| Промени на изворите на капиталните средства | 19 |
| Извештај за паричниот тек | 20 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 21 - 27 |
| - Сметководствени политики | 27 - 36 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 37 - 45 |

Прилози:
- Забелешки на нацрт извештајот
- Одговор на забелешки

Кратенки користени во извештајот:

ЈП “Плаваја“ - Јавно претпријатие за комунални дејности “Плаваја“ Радовиш
ГДР - Главен државен ревизор
ОДР - Овластен државен ревизор
РСМ - Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:13-412/4

Дата:13.04.2021

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие за комунални дејности “Плаваја“ Радовиш за 2019 година.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи ревизијата изрази неповолно мислење, а за усогласеност со законите и прописите за 2019 година, ревизијата изрази мислење со резерва.

Извршена е ревизија и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2007 година на ЈП “Прогрес“ Радовиш кој во 2008 година согласно одлуката на Советот на Општина Радовиш, се припоил кон ЈП “Плаваја“ . Во конечниот извештај ревизијата изрази неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.
Бидејќи од последната ревизија е поминат подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени, имплементацијата на дадените препораки од претходната ревизија не беше предмет на тековната ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај ЈП “Плаваја“ за 2019 година констатирани се следниве состојби:

- при оценка на системот на внатрешни контроли кај процесот на утврдување на приходите и наплата на побарувањата од комуналните услуги, поради недонесени пишани процедури утврдивме постоење на ризици кои можат да имаат влијание на наплатата на побарувањата и врз целосноста на приходите;

– не е формирана единица за внатрешна ревизија со најмалку еден внатрешен ревизор и раководител на единицата за внатрешна ревизија;
– до денот на ревизијата со 73% од корисниците на услугите на ЈП “Плаваја“ се склучени договори, со кои се регулираат меѓусебните права и обврски. Недефинираните должничко доверителски односи создаваат ризик од отежната наплата на извршените услуги;
– на ниво на општината не е воспоставен систем на селектирање на создадениот отпад како еден од предусловите за намалување на количината на истиот, а во функција на заштита на животната средина;
– по основ на надоместоци спрема Буџетот на Општина Радовиш за одржување на јавна чистота и управување со отпад во сметководствената евиденција не се искажани обврски;
– искажана е добивка во поголем износ, а помал износ на обврски по основ на надоместок за користење на води и испуштање во води како обврска спрема Буџетот на РСМ;
– по основ на обврски за надоместок за користење на води, надоместок за испуштање во води, утврдена е состојба на значителен износ на неуплатени средства во корист на Буџетот на РСМ;
– во трговскиот регистар не е извршен упис на основната главнина, а претпријатието нема утврдено пазарна вредност на имотот и обврските односно не е извршена проценка на капиталот и
– присутна е состојба на загуба на вода во системот за водоснабдување која изнесува 63% од испорачаната вода од филтер станицата во водоснабдителниот систем.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ревизијата ги истакна следните прашања:
– во периодот од назначувањето, декември 2017 година, до денот на ревизијата и понатаму, со јавното претпријатие раководи вршител на должноста директор;
– судските постапки кои се во тек во кои јавното претпријатие се јавува во улога на тужител или тужена страна и
– направените корекции во финансиските извештаи прифатени од страна на субјектот.

Од страна на одговорното лице на ЈП “Плаваја“ Радовиш, доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, кои претставуваат известување за преземените мерки за надминување на утврдените состојби.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 17 до страна 20 заедно со ревизија на усогласеност на ЈП “Плаваја“ Радовиш, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на успех, Извештај за промени во главнината/капиталот и Извештај за паричните текови за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2020 година согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2007 година на ЈП “Прогрес“ Радовиш кој во 2008 година согласно одлуката на Советот на Општина Радовиш, се припоило кон ЈП “Плаваја“ Радовиш, во кој е изразено неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на ЈП “Плаваја“ Радовиш застапувано од:

- Дејан Крстев, в.д. директор од 14.12.2017 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните

ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.11. до 25.01.2021 година кај ЈП “Плаваја“ Радовиш од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2007 година на ЈП "Прогрес" Радовиш кој во 2008 година согласно одлука на Советот на Општина Радовиш, се припоил кон ЈП "Плавaја" Радовиш. Во наведениот Конечен извештај изразено е неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.
Бидејќи од последната ревизија е поминат подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени имплементацијата на дадените препораки од претходната ревизија не беше предмет на ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија одржан на 27.01.2021 година.
На ден 06.04.2021 година од страна на одговорното лице на ЈП "Плавaја" Радовиш добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Забелешките се однесуваат на точката 4.1.1.,4.2.2. и 4.3.4. истите се разгледана и е утврдено дека две преставуваат известување за преземени мерки за надминување на утврдената состојба, а една е известување за причините за настаната состојба.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во Прилог кон овој Конечен извештај.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Внатрешни контроли

4.1.1. Ревизијата постапувајќи во согласност со МСР 315 - Идентификување и проценка на ризикот од материјално погрешно прикажување преку разбирање на клиентот и неговото опкружување, пристапи кон оценка на системот на внатрешни контроли кај процесот на утврдување на приходите и наплата на побарувањата од комуналните услуги – снабдување и испорака на вода, одведување и пречистување на одпадни води, собирање и депонирање на смет и други комунални услуги кои ги извршува јавното претпријатие. Утврдивме дека во пракса се воспоставени разграничени надлежности во процесот, но не се донесени пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите на вработените во јавното претпријатие во овој процес. Непостоењето на пишани процедури создава ризик од несоодветно функционирање на внатрешните контроли во однос на комплетноста, навременоста и целосноста на приходите.

Во периодот на забелешки по Нацрт извештај Управниот одбор на ЈП “Плавaја“ Радовиш има донесено Процедура за начинот на приклучување на корисниците на водоводната и канализационата мрежа во Општина Радовиш.

Препорака:
Директорот на ЈП “Плавaја“ Радовиш да преземе активности за изготвување и донесувања на пишана процедура за процесот на утврдување, наплата и контрола на приходите.

## 4.2.Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. ЈП “Плавaја“ Радовиш со Правилникот за систематизација на работните места има предвидено еден вработен (Советник – Внатрешен ревизор), кое работно место не е пополнето. Согласно членот 30 став 2 и членот 31 став 1 алинеа 1 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола јавното претпријатие било должно да основа единица за внатрешна ревизија со најмалку еден внатрешен ревизор и раководител на единицата за внатрешна ревизија. Поради невоспоставена внатрешна ревизија, раководството на јавното претпријатие нема информации за постоење и функционирање на внатрешните контроли, информации за веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните активности при работењето и усогласеноста со законите и подзаконските акти.
Во досегашниот период ниту од страна на Одделението за внатрешна ревизија на Општина Радовиш не е вршена ревизија кај ЈП “Плавaја“.

Препорака:
Надлежните органи на раководење и управување да преземат активности за вработување на внатрешен ревизор со цел воспоставување на систем за внатрешна ревизија.

4.2.2. До денот на ревизијата со 73% од корисниците на услугите на ЈП “Плавaја“ се склучени договори, со кои се регулираат меѓусебните права и обврски. Согласно со одредбите од член 48 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, давателот и корисниците на услугите биле должни да ги уредат меѓусебните права и обврски со договори во рок од една година од денот на влегување во сила на овој закон. Исто така со член 43 став 8 од Законот за управување со отпадот е уредено дека создавачите на комерцијален отпад се должни да склучат посебен договор за собирање и транспортирање на отпад со давателот на услугата на територијата на општината. Непочитување на законските одредби и недефинираните должничко доверителски односи создава ризик од отежната наплата на извршените услуги како и ризик од непречено остварување на правата и обврските на давателите и на корисниците на услугите.
ЈП “Плавaја“ и во текот на ревизијата продолжи со активностите за склучување на договори со корисниците на услугите, но оваа активност сеуште не е завршена.

На ниво на општина не е воспоставен систем на селектирање на создадениот отпад како еден од предусловите за намалување на количината на истиот, а во функција на заштита на животната средина што не е во согласност со член 44 од Законот за управување со отпадот што има влијание на заштита на животната средина.

Препорака:
Надлежните органи на раководење и управување во ЈП "Плаваја" Радовиш:

- да продолжат со активностите за склучување договори со кои ќе се регулираат меѓусебните права и обврски со корисниците на услугите и
- во соработка со градоначалникот на Општина Радовиш да овозможат создавање на услови за селектирање на отпадот.



Депонијата во Радовиш

4.2.3. При увид во документацијата која се однесува на обврските на раководниот орган во делот на известувањето идентификувана е состојба на не изготвување на извештај за работата на јавното претпријатие на секои шест месеци, што не е во согласност со одредбите од член 23-а од Законот за јавните претпријатија со кој е регулирано дека директорот е должен на секои шест месеци да доставува извештај за работата на јавното претпријатие до Управниот одбор односно градоначалникот на општината, особено со податоци за видот и обемот на извршените работи согласно дејноста на јавното претпријатие, како и податоци за финансиското работење. Оваа обврска во исто време претставува и одредба од Договорот за уредување на односите со јавното претпријатие во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата на директорот согласно со закон (менаџерски договор).

Непостапувањето согласно одредбите од Законот за јавните претпријатија го нарушува принципот на транспарентност и оневозможува во законски утврдените рокови органот на управување и основачот да дадат насоки за понатамошните активности на јавното претпријатие.
Во текот на ревизијата изготвен е извештај за работата на јавното претпријатие за периодот од првите шест месеци за 2020 година и истиот е доставен до Управниот одбор на јавното претпријатие и градоначалникот на Општина Радовиш.

Препорака:
Директорот на јавното претпријатие, да продолжи по истекот на секои шест месеци од годината да изготвува извештај за работата на јавното претпријатие и да го доставува до Управниот одбор и до градоначалникот на општината.

**4.3. Финансиски извештаи**

4.3.1. Со извршениот увид во состојбата на обврските по основ на надоместоци спрема Буџетот на Општина Радовиш за одржување на јавна чистота и управување со отпад ревизијата констатира дека со состојба на 31.12.2019 година во сметководствената евиденција нема искажано обврски по овие основи. Таквата состојба произлегува поради следното:

- надоместокот за одржување на јавна чистота јавното претпријатие го искажува во сметките/фактурите за комунални услуги, при што наместо да евидентира обврска спрема Општина Радовиш врши приходување на истиот и за 2019 година по тој основ евидентиран е приход од 2.384 илјади денари. Истовремено во фактурите што ги испоставува спрема Општина Радовиш за одржување на јавната чистота, од целокупниот износ кој би требало да го фактурира, врши намалување за делот на надоместокот за одржување на јавна чистота и на тој начин врши еден вид на компензирање на побарувањата и обврските спрема општината, при што на годишно ниво на општината се фактурира за помал износ од 2.384 илјади денари и
- надоместокот за управување со отпад (во сметките кон корисниците наведен како комунален придонес-такса) јавното претпријатие го искажува во сметките/фактурите за комунални услуги, при што наместо да евидентира обврска спрема Општина Радовиш врши приходување на истиот и за 2019 година по тој основ евидентиран е приход од 1.388 илјади денари. Овој износ не се уплаќа на сметка на Буџетот на општината туку во цел износ се одбива од вредноста на програмата за јавна чистота уште при изготвување на програмата и вкупниот износ на врденоста на програмата е помал за 1.388 илјади денари.

Причина за ваквата состојба е блокираната сметка на јавното претпријатие, континуирано од 2002 година.

Средства по основ на надоместок за јавна чистота и управување со отпад се наплаќаат од правни и физички лица корисници на услугите на јавното претпријатие, кое е должно да ги наплати и уплати на соодветна трезорска сметка на буџетот на Општина Радовиш. Неплаќањето на обврските по претходно наведените основи не е во согласност со одредбите кои го регулираат утврдувањето и роковите за плаќање на овие обврски од членот 25 од Законот за јавна чистота и членот 123 точка 4 од Закон за управување со отпад, според кои обврските се плаќаат месечно, во тековниот за претходниот месец. Ефект од ваквото постапување е несоодветно искажување на приходите (наместо приходи од извршени услуги за јавна чистота и управување со отпад, искажани се приходи по основа на надоместок за јавна чистота кои се приход на општината), обврските, побарувањата и помалку пресметан и платен данок на додадена вредност во износ од 189 илјади денари.

Препорака:
Надлежните од Секторот за финансии, сметководство и комерција во ЈП "Плаваја" :
- да вршат евидентирање на надоместокот за одржување на јавна чистота и за управување со отпад како обврска за плаќање спрема Општина Радовиш;
- во фактурите/ситуациите за одржување на јавната чистота да не вршат намалување за обврската за надоместокот за одржување на јавна чистота туку да се фактурира целокупниот износ за извршените услуги;
- за услугите за управување со отпад да вршат фактурирање спрема Општина Радовиш, а не во координација со надлежните на општината да се врши намалување на вредноста на програмата за јавна чистота за износот на надоместокот за управување со отпад и
- да пресметаат и платат данок на додадена вредност во износ од 189 илјади денари.

4.3.2. Во сметководствената евиденција на ЈП "Плаваја" со состојба на 31.12.2019 година, искажани се обврски спрема Буџетот на РСМ во вкупен износ од 726 илјади денари од кој по основ пресметан надоместок за користење на води износ од 662 илјади денари и пресметан дел од надоместок за испуштање во води во износ од 64 илјади денари, само на цената на услугата за собирање и одведување на отпадните води, но не и на цената за пречистување.
Од извршениот увид на состојбите во врска со пресметувањето на надоместокот за користење на води и испуштање во води, ревизијата констатира дека во годините наназад, пред 2017 година, јавното претпријатие во сметките за комунални услуги пресметувало надоместок за користење на води и испуштање во води и истите ги искажувало како приход на претпријатието, а не како обврска за плаќање спрема Буџетот на РСМ, при што е утврдено неевидентирани обврски од 4.279 илјади денари (почнувајќи од 2010 до октомври 2017 година).
Исто така, ревизијата утврди дека ЈП "Плаваја" Радовиш пресметува надоместок за испуштање во води само на цената на услугата за собирање и одведување на отпадни води, но не и на цената за пречистување што не е во согласност со членот 209 став (4) од Законот за водите според кој носителот на дозволата за испуштање на

отпадни води, кој обезбедува услуги за одведување и прочистување на водата на трети лица, средствата за плаќање на надоместокот ги обезбедува преку наплатување на услугата од крајните корисници на услугата. Согласно членот 210 од овој закон вкупниот надоместок за крајните корисници за одведување и прочистување на водата го сочинуваат цената на услугата за одведување и прочистување на водата и надоместокот за испуштање во води. Во текот на ревизијата од страна на надлежните на јавното претпријатие, извршена е пресметка на дел од надоместокот за испуштање во води на цената за пречистување, при што е пресметан износ на дел од надоместокот за испуштање во води, на цената за пречистување за 2018 и 2019 година во вкупен износ од 185 илјади денари од кој според процентот на наплата обврската за плаќање изнесува 149 илјади денари и истиот требало да биде уплатен на сметката на Буџетот на РСМ.

Обврската по претходно наведените основи е согласно одредбите на член 213 и 214 од Законот за водите, каде е утврдено дека надоместокот за користење на вода наменета за консумирање од страна на луѓето изнесува 2% од утврдената цена на метар кубен вода, а за испуштање на отпадни води изнесува 1% од утврдената цена на давателот на услугата.

Обврзник за плаќање е секое правно и физичко лице кое користи вода или испушта непречистени отпадни води, а надоместоците ги пресметува правното лице кое управува со водоснабдителниот систем и системот за одведување на отпадни води и се прикажуваат посебно на сметката за извршена услуга.

Овие средства се наплаќаат од субјектите правни и физички лица корисници на услугите на јавното претпријатие, кое е должно да ги наплати и уплати во Буџетот на РСМ.

Непреземањето мерки за редовно и правилно утврдување и плаќање на утврдените обврски не е во согласност со одредбите на членовите 213 и 214 од Законот за водите и има за ефект помалку искажани обврски на јавното претпријатие спрема Буџетот на РСМ и помалу уплатени средства.

Препорака:

Надлежните од секторот за финансии, сметководство и комерција на основа расположивата документација да ги преземат следните активности:

- да извршат евидентирање и плаќање на помалку искажаната обврска за надоместок за користење на води која потекнува од минати години и
- да извршат евидентирање и плаќање на обврската на делот од надоместок за испуштање во води, на цената за пречистување.



Пречистителна станица за третман на отпадни води Радовиш

4.3.3. Во единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на РСМ, не е извршен упис на основната главнина на ЈП “Плаваја“ Радовиш, што не е во согласност со членот 298 од Законот за трговски друштва каде што е регулирано кои податоци се запишуваат во регистарот. Со Законот за јавни претпријатија, во членот 4-б е уредено дека за упис во надлежниот регистар се применуваат одредбите од Законот за трговски друштва.

Согласно трговските книги и Билансот на состојба на 31.12.2019 година евидентиран е износ од 29.428 илјади денари како основна главнина запишан, а неуплатен капитал (состојба искажана во Билансот на состојба од 2009 година), а според податоците од Централниот регистар на РСМ запишана е основна главнина од 500,00 денари, од 2008 година до денеска.

Запишувањето во соодветниот регистар без наведување на износот на основачкиот влог на основачот, оневозможува потврдување на реалноста и објективноста на искажаниот износ од 29.428 илјади денари на сметката основна главнина запишан, а неуплатен капитал.

Ваквата состојба произлегува од неутврдената пазарна вредност на имотот на претпријатието, така што, основната главнина е сметководствено утврдена односно не е извршена проценка на капиталот кое има влијание на реалното и објективно прикажување на основачкиот влог на претпријатието.

Согласно Законот за процена, процена на пазарната вредност на јавни претпријатија врши овластен проценувач, на начин пропишан со методологија, правила и стандарди за процена кои ги вклучуваат признатите меѓународни стандарди за процена на вредноста, како и други закони со кои се регулира проценувањето на вредноста на различни форми на сопственост.

**Препорака:**

Органите на раководење и управување на ЈП “Плаваја“да преземат активности за:

- евидентирање на основачкиот влог/капиталот во единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на РСМ и
- да се направи проценка на средствата со кои располага јавното претпријатие од овластени проценители за да се утврди објективната вредност на капиталот со сегашна состојба.

4.3.4. При увид на состојбите на утврдување на приходите и наплата на побарувањата од снабдување и испорака на вода, утврдивме дека приходите по овој основ се нецелосни, бидејќи количината на испорачаната вода во водоснабдителниот систем значително отстапува од количината на вода која е фактурирана на корисниците на истата. Во водоснабдителниот систем во 2019 година испорачани се 2.940 илјади $м^3$ сурова вода за пиење, а фактурирани се 1.075 илјади $м^3$ вода за пиење, што претставува 37% фактурирана количина во однос на испорачаната, односно регистрирана е загуба на вода од 63%. Дел од водата, регистрирана како загуба, се користи за полевање на јавно зеленило и миење на јавни сообраќајни површини, за кои јавното претпријатие фактурира и врши наплата од општината согласно Програмата за јавна чистота.
Загубата на вода се должи на стара и дотрајана водоводна мрежа, диви и нелегални приклучоци, кражба на вода и слично.
Непреземањето мерки за минимизирање и отстранување на причините за техничките и комерцијалните загуби на вода преку активности за реална и објективна потрошувачка на вода за пиење, предизвикува нереална и необјективна состојба во процесот на фактурирање на испорачаната количина на вода за пиење и има за ефект помалку остварени приходи на претпријатието, помалку пресметан ДДВ и помалку пресметан надоместок за вода кои претставуваат приходи на Буџетот на државата.
За намалување на загубите на вода во текот на 2020 година од страна на ЈП “Плаваја“се превземаат мерки кои се состојат во изградба на нов резервоар кој треба да овозможи да нема преливи и растурања на водата, набавка на водомери со можност за далечинско отчитување на потрошувачката на вода која се користи за полевање на земјоделски површини и насади, инвестирање во нови мерни инструменти, проширување и усовршување на SCADA[1] системот за водоснабдување.
Во врска со констатираните загуби на вода во системот за водоснабдување во продолжение следи преглед со графички приказ преку кој може да се согледа загубата на вода по месеци за 2019 година и преглед за процент на загуба на вода на годишно ниво за период од 2016 до 2019 година.

**Преглед на испорачана и приходувана вода во $m^3$ од филтер станица за 2019 година по месеци**

[1] Supervisory Control And Data Acquisition – систем за автоматизација на општите процеси

Испорачана/ Приходувана 2019

| | 2019 | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Јан | Фев | Мар | Апр | Мај | Јун | Јул | Авг | Септ | Окт | Ноем | Дек |
| Испорачана | 226.788 | 236.746 | 307.675 | 303.268 | 304.818 | 220.006 | 277.316 | 262.032 | 169.815 | 176.406 | 156.587 | 298.726 |
| Приходувана | 76.751 | 77.158 | 82.476 | 82.344 | 91.178 | 91.549 | 99.118 | 115.286 | 109.361 | 95.644 | 81.978 | 72.640 |







Од направената анализа на податоците почнувајќи од 2016 година загубата на вода расте и во 2018 година го достигнува нивото од 64,35%, а како резултат на преземените активности од страна на јавното претпијатие во 2019 година има благо намалување и истото изнесува 63,42%.

**Препорака:**
Надлежните на ЈП "Плаваја" Радовиш да преземат мерки и активности за минимизирање/отстранување на факторите кои придонесуваат за загуба на водата во водоснабдителниот систем.

4.3.5. За 2019 година ЈП "Плаваја" Радовиш има остварено добивка после оданочување во износ од 9.528 илјади денари, од претходни години има

акумулирано добивка во износ од 6.711 илјади денари или вкупна искажана добивка во износ од 16.239 илјади денари.

Имаќи предвид дека во периодот пред месец октомври 2017 година и годините наназад, јавното претпријатие во сметките за комунални услуги пресметувало надоместок за користење на води и испуштање во води и истите ги искажувало како приход на претпријатието, а не како обврска за плаќање спрема Буџетот на РСМ, со ревизијата се констатира дека искажаната добивката не е реално утврдена и е во поголем износ од износот кој би требало да биде искажан. На барање на ревизијата од страна на надлежните од Секторот за финансии, сметководство и комерција беше дадена на увид документацијата, односно евиденцијата на приходот искажан по основ на надоместок за користење на води и испуштање во води, при што е утврден износ на повеќе искажан приход од 4.279 илјади денари (почнувајќи од 2010 до октомври 2017 година), кој износ фактички претставува обврска на претпријатието, а не приход и која обврска не е евидентирана во деловните книги и за истата не е извршено плаќање.

Ефект од таквото постапување е нереално искажан износ на добивката во поголем износ, што придонесува за утврдување на поголем износ на данок на добивка и плаќање повисоки износи на аконтации на данок на добивка во текот на годината.

Препорака:

Надлежните од Секторот за финансии, сметководство и комерција:

- да извршат корекција на износот на искажаната добивка која произлегува од евидентирањето на надоместок за користење на води и испуштање во води како приход, за периодот пред месец октомври 2017 година па наназад, и
- да извршат евидентирање на утврдениот износ на надоместок за користење на води и испуштање во води како обврска спрема Буџетот на РСМ и истата да ја платат.

### Основ за изразување на мислење

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките од 4.2. и 4.3. и тоа:

- во трговскиот регистар не е извршен упис на основната главнина на ЈП “Плаваја“ Радовиш и не е извршена проценка на капиталот,
- со сите корисници на услугите на ЈП “Плаваја“ Радовиш не се склучени договори,
- искажана е добивка во поголем износ, а помал износ на обврски по основ на надоместок за користење на води и испуштање во води како обврска спрема Буџетот на РСМ,
- по основ на обврски за надоместок за користење на води, надоместок за испуштање во води, утврдена е состојба на значителен износ на неуплатени средства во корист на Буџетот на РСМ и

- загуба на вода во системот за водоснабдување која изнесува 63% од испорачаната вода во водоснабдителниот систем.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.3., финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ЈП "Плаваја" Радовиш на ден 31 декември 2019 година како и финансиската успешност и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за известување .

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.2., 4.3.1. и 4.3.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ЈП "Плаваја" Радовиш, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Со Решение за именување на вршител на должност бр. 09-1550/5 од 14.12.2017 година донесено од градоначалникот на Општина Радовиш, именуван е вршител на должноста директор, каде е наведено дека истиот се именува за период не подолг од шест месеци. Во врска со именувањето е склучен договор бр. 03-113/1 од 16.01.2018 година со кој е утврдено дека договорот се склучува за време до шест месеци. Во периодот од назначувањето до денот на ревизијата и понатаму, со јавното претпријатие раководи истото лице како вршител на должноста директор, при што на секои шест месеци, од страна на градоначалникот се донесува ново решение и се склучува нов договор.
Истото не е во согласност со одредбите од членот 24 - а став 3 од Законот за јавните претпријатија според кој е утврдено дека градоначалникот на општината именува вршител на должноста директор но не подолго од шест месеци.
Ревизијата укажува дека согласно законските одредби Управниот одбор на ЈП "Плаваја" во соработка со градоначалникот на Општина Радовиш, да преземат активности за спроведување на постапка за именување на директор на претпријатието.

6.2. Обрнуваме внимание дека ЈП "Плаваја" Радовиш е тужена странка од 3 (три) субјекти, физички лица за долг во износ од 440 илјада денари, но има и 14 предмети кои се на извршување од извршители и тоа 11 од физички лица за долг од 3.614 илјади денари и 3 (три) правни лица за долг од 15.739 илјади денари.

ЈП "Плаваја" Радовиш се јавува како тужител и има поднесено тужби за наплата на побарувања од физички лица и правни субјекти (фирми и дуќани) за неплатени сметки за комунални услуги во вкупен износ од 49.015 илјади денари, кои се дадени за постапување на нотар.
Конечниот исход по ова прашање не може да се утврди и не е направено резервирање за било каква обврска која може да произлезе во финансиските извештаи.

6.3. Во текот на ревизијата од страна на одговорните лица во ЈП „Плаваја„ Радовиш прифатени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија, а се однесуваат за побарувањата за кои постои ризик од наплата, а кои биле евидентирани на сметката Побарувања од купувачите во земјата, извршено е прекнижување од истата и евидентирање на сметката Сомнителни и спорни побарувања за износот од 36.218 илјади денари

Во деловните книги за предходно наведените корекции спроведен е налог за книжења број РЕ0001 од 18.12.2020 година.

ЈП “Плаваја“ Радовиш

БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2019 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жениjа | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3.1. | 72.767 | 68.229 |
| Останати приходи | 3.2. | 3.324 | 993 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **76.091** | **69.222** |
| Трошоци за суровини и други материјали | 3.3. | 16.862 | 12.082 |
| Трошоци за услуги | 3.4. | 2.481 | 2.553 |
| Плати, надоместоци и останати трошоци на вработените | 3.5. | 37.266 | 36.403 |
| Трошоци за амортизација | 3.6. | 4.886 | 3.431 |
| Останати трошоци од работењето | 3.7. | 2.639 | 2.863 |
| Вредноно угласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства | 3.8. | 339 | 1.333 |
| Останати расходи | 3.9. | 7 | 2 |
| Расходи на продадени добра и услуги | 3.10. | 78 | 105 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **64.558** | **58.772** |
| Финансиски приходи | 3.11. | 812 | 940 |
| Финансиски расходи | 3.12. | 1.579 | 947 |
| **Добивка пред оданочување** | 3.13. | **10.766** | **10.443** |
| Данок од добивка | 3.14. | 1.238 | 1.225 |
| **Нето добивка** | 3.15. | **9.528** | **9.218** |

ЈП “Плаваја“ Радовиш

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-женија | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 4.1. | 14.488 | 9.482 |
| Побарувања од купувачите | 4.2. | 37.220 | 69.994 |
| Вредносно усогласување на побарувањата од купувачи | 4.3. | 36.218 | 0 |
| Побарувања од вработените | | 0 | 7 |
| Залихи | 4.4. | 9.000 | 9.615 |
| **Вкупно тековни средства** | | **96.926** | **89.098** |
| | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Материјални средства | 4.5. | 41.785 | 24.887 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **41.785** | **24.887** |
| **Вкупна актива** | | **138.711** | **113.985** |
| | | | |
| Пасива | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачите | 4.6. | 18.740 | 19.867 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.7. | 24.606 | 26.892 |
| Обврки спрема вработените | 4.8. | 2.119 | 1.706 |
| Останати краткорочни обврки и краткорочни резервирања | 4.9. | 167 | 90 |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди (ПВР) | 4.10. | 5.950 | 7.927 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **51.582** | **56.482** |
| | | | |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни обврксı | 4.11. | 39.618 | 19.520 |
| **Вкупно долгорочни обврски** | | **39.618** | **19.520** |
| | | | |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Основна главнина - запишан, а неуплатен капитал | 4.12. | 29.428 | 29.428 |
| Резерви | 4.13. | 1.844 | 0 |
| Акумулирана добивка | 4.14. | 6.711 | 0 |
| Пренесена загуба од претходни години | | 0 | -663 |
| Добивка од тековната година | 4.15. | 9.528 | 9.218 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **47.511** | **37.983** |
| **Вкупна пасива** | | **138.711** | **113.985** |

ЈП “Плаваја„ Радовиш

ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ВО 2019 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Резерви | Акумулирана добивка | Добивка за финансиска година | Пренесена загуба од претходни години | ВКУПНО КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на ден 01 јануари 2019** | 29.428 | | | 9.218 | -663 | **37.983** |
| **Зголемувања:** | | | | | | **0** |
| Нето добивка за 2019 година | | | | 9.528 | | **9.528** |
| Законски резерви | | 922 | | | | **922** |
| Статутарни резерви | | 922 | | | | **922** |
| Останати зголемувања/ намалувања | | | 6.711 | -9.218 | 663 | **-1.844** |
| **Состојба на ден 31. декември 2019** | **29.428** | **1.844** | **6.711** | **9.528** | **0** | **47.511** |

ЈП "Плаваја" Радовиш

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ на 31.12.2019 ГОДИНА

во 000 денари

| Позиција | 2019/2018 |
|---|---|
| | |
| **А) Готовински текови од деловни активности** | **6.684** |
| Нето добивка/загуба после оданочување | 9.528 |
| Амортизација | 4.886 |
| Отпис на побарувања | |
| Вредносно усогласување на залихи | 615 |
| | |
| Побарувања од купувачи | (3.444) |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | (1.127) |
| Останати краткорочни обврски | (1.797) |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи за идни периоди (ПВР) | (1.977) |
| **Б) Готовински текови од инвестициони активности** | **(21.776)** |
| Директни набавки на нематеријални и материјални средства | (21.783) |
| Зголемување/намалување на краткорочните финансиски вложувања | 7 |
| **В) Готовински текови од финансиски активности** | **20.098** |
| Зголемување/намалување на долгорочни кредити | 20.098 |
| **Зголемување/намалување на паричните средства** | **5.006** |
| **Парични стредства на почетокот на годината** | **9.482** |
| **Парични средства на крајот на годината** | **14.488** |

# ЈП „ПЛАВАЈА“ – РАДОВИШ

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

Ул: „Свети Спасо Радовишки“ бр:32, 2420 Радовиш
ЕДБ: MK4023999108401, Жиро сметка: Тутунска Банка 210052660250146
Телефони: (+389) 032/635-323, Факс: 032/635-201
plavaja.radovis@gmail.com


Јавно претпријатие за комунални дејности ПЛАВАЈА п.о. Бр. 0304-61/3 01.04.2021 год. Радовиш

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА / ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено / Pranuar më: | 06.04.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Nj. org. | Број / Nr. | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| | 13-412/3 | | |

До
Државен завод за ревизија
Ул.,,Павел Шатев,, бр.2 – Палата Емануел Чучков
1000 Скопје

Предмет: Забелешки по нацрт извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на ЈПКД Плаваја Радовиш под бр. 13-412/2 од 08.03.2021 година, наш арх. бр. 0304-61/2 од 10.03.2021 година.

Почитувани,

В.Д Директорот на ЈП Плаваја Радовиш со својот менаџмент го разгледа нацрт извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на ЈПКД Плаваја Радовиш ги има следните забелешки и ги дава следните известувања:

Во т. 4.1.1 каде е утврдено дека во пракса се воспоставени разграничени надлежности во процесот, но не се донесени пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите на вработените во ЈП во овој процес – ЈП Плаваја Радовиш сака да Ве извести дека по завршувањето на ревизијата на одржаната седница на Управниот одбор на претпријатиeто на ден 24.02.2021 година ја донесе и усвои Процедурата за приклучување на водоводната и канализационата мрежа со која стопанисува ЈП Плаваја под бр. 0202-127/12 од 25.02.2021 година. Во текот на месец Март од страна на стручните служби на ЈП Плаваја Радовиш се изработи предлог Процедура за изготвување на сметки која ќе биде дадена во процедура за донесување и усвојување од страна на Управниот одбор.

**ПРИЛОГ:** **1.** Процедурата за приклучување на водоводната и канализационата мрежа со која стопанисува ЈП Плаваја под бр. 0202-127/12 од 25.02.2021 година.
**2.** предлог Процедура за изготвување на сметки

Во т. 4.2.2 е забележано дека на ниво на општина не е воспоставен систем на селектирање на создадениот отпад како еден од предусловите за намалување на кличината на истиот, а во функција на заштита на животната средина при што како препорака е дадено во соработка со Градоначалникот на Општина Радовиш да се овозможи создавање на услови за селектирање на отпадот за што мислиме дека од наша страна се превземени одредени чекори за вршење на селекција со тоа што ЕЛС Радовиш има склучено договори со ЕЛКОЛЕКТ за собирање на електричен отпад за кооj собирна станица има во кругот на ЈП Плаваја Радовиш, како и склучен договор со ПАКОМАК за собирање на отпад од стакло за која цел во градот се поставени собирни иглоа на повеќе локации.

Освен тоа од страна на ЈП Плаваја Радовиш е донесена Одлука на Управниот одбор со кој корисниците на услуга кои ќе набават 2 канти за смет од ЈП Плаваја Радовиш имаат обврска да склучат Договор за селектирање на отпад и тоа за стакло и пластика, кои давателот на услугата – ЈП Плаваја Радовиш на одреден временски период се обврзува да го собира.

**ПРИЛОГ: 1.** Договор за меѓусебна соработка помеѓу ЕЛС Радовиш и Елколект ДОО под бр. 03-95/2 од 15.01.2018 година,

**2.** Договор за користење на садови за собирање на отпад од пакување склучен помеѓу ЈП Плаваја Радовиш и Пакомак ДОО под бр. 0307-141/1 од 25.02.2019 година.

**3.** Одлука за распределба на канти за смет и метални контењери на правни и физички лица под бр. 0202-943/2 од 31.12.2018 година.

**4.** Урнек на Договор за селектирање на отпад

Во т. 4.3.4 е констатирано дека количината на испорачана вода во водоснабдителниот систем значително отстапува од количината на вода која е фактурирана на корисниците конкретно за 2019 година за што појаснувањето од ЈП„Плаваја“ Радовиш за точка 4.3.4 од Нацрт Извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на ЈП„Плаваја“ Радовиш за делот на појаснување на графичкиот приказ на процентите на загуби на вода во водоводниот систем во $m^3$ за годините 2016-2019 е следното:

До 2018 година претпријатието немало инсталирано мерни инструменти за мерење на количината на произведена вода во водоснабдителните системи во населените места Калугерица, Јаргулица, Подареш и Ораовица на кои локации требало да се мери произведената вода.

Произведената вода од овие локации се добивала со пресметка на потрошената активна електрична енергија и соодветните карактеристики на секоја инсталирана пумпа соодветно:

(Потрошена енергија (kWh) / $P_{\text{пума(kW)}}$ x $Q_{\text{пумпа на 1 час (m3)}}$ = $Q_{\text{произведено (m3)}}$).

Со стапување во сила на Законот за утврдување на цени на водните услуги (Сл.Весник на РМ бр: 7/2016) неминовно се наметна потребата од валидација на податоците кои ја градат тарифата за водна услуга – водоснабдување и затоа веднаш после започнувањето на прввиот регулиран период 2018 – 2020 година се започна со активности за набавка на мерни инструменти на тие локации.

Тие активности се реализираа во текот на 2018 година кога е извршена и набавка на потребните мерни инструменти за секоја од тие локации, потоа се поставени мерните инструменти и практично по нивното поставување во 2018 година може да се констатира дека претпријатието има точни показатели за количините на произведената вода и соодветно на тоа загубите во водоснабдителниот систем. Произведените количини на вода пред 2018 година се пресметани, а после монтажата на мерните инструменти се измерени, што упатува на констатација дека произведените количини на вода пред 2018 година и со тоа и загубите не биле прецизни и не одговарале на реалната состојба пред се затоа што податоците за потрошената активна електрична енергија на тие локации е со многу мали разлики. Токму затоа се јавува толку голема разлика која при толкување дава лоша слика за работењето на претпријатието, односно прикажува дека дошло до зголемување на загубите од 10%. Но сепак тоа биле и се официјални податоци од претпријатието.

Се надеваме дка нашите забелешки и известувања ќе бидат земени во предвид при изготвувањето на конечниот извештај од Ваша страна, за што однапред Ви ја упатуваме нашата благодарност.

01.04.2021 година

ЈП Плаваја Радовиш
В.Д Директор

Дејан Крстев

ПЛАВАЈА П.О. Јавно претпријатие за комунални дејности Радовиш

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 06.04.2021 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на ЈП "Плаваја" Радовиш бр. 0304-61/3 од 01.04.2021 година, од одговорното лице Дејан Крстев, в.д директор. Истите во Државниот завод за ревизија се заведени под број 13-412/3 од 06.04.2021 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.1.**, која се однесува дека не се донесени пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите на вработените во јавното претпријатие во процесот на утврдување на приходите и наплата на побарувањата од комуналните услуги – снабдување и испорака на вода, одведување и пречистување на одпадни води, собирање и депонирање на смет и други комунални услуги кои ги извршува јавното претпријатие, **претставува известување** за тоа дека е донесена Процедура за начинот на приклучување на корисниците на водоводната и канализационата мрежа во Општина Радовиш со која стопанисува претпријатието и дека од страна стручните служби во текот на месец март 2021 година е изготвен предлог Процедура за изготвување на сметки и истата е дадена како предлог за усвојување од страна на Управниот одбор. Претходно наведеното соодветно ќе биде обелоденето во Конечниот извештај.

2. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.2.**, која се однесува на тоа дека на ниво на општина не е воспоставен систем на селектирање на создадениот отпад како еден од предусловите за намалување на количината на истиот, а во функција на заштита на животната средина, **претставува известување** за тоа дека од страна на Општина Радовиш склучени се договори со економски оператори за собирање на електричен отпад и отпад од стакло за што во градот се поставени собирни садови (иглоа) на повеќе локации, како и тоа дека Управниот одбор на претпријатието има донесено одлука со која е регулирано дека корисниците на услуга кои ќе набавт 2 канти од ЈП "Плаваја" Радовиш имаат обврска да склучат договор за селектирање на отпад и тоа за стакло и пластика.

3. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.3.4.**, која се однесува на тоа дека состојбите на утврдување на приходите и наплата на побарувањата од снабдување и испорака на вода не се целосни, бидејќи количината на

испорачаната вода во водоснабдителниот систем значително одстапува од количината на вода која е фактурирана на корисниците на истата, **претставува известување** за причините и преземените мерки од страна на надлежните на претпријатието за надминување на состојбите на загуби на вода.